# 463. НЕШО ПИЛЕ, НЕШО




Нешо пиле, Нешо мори
мамина калешо,
зошто не дојдеш Нешо
кај мама на гости?

Како да дојдам мамо,
немам ни со кого.
Едно момче имам мамо,
моште малечко,
се по мене оди,
за поли ме држи.

Ќе појдам да месам мамо,
и оно по мене,
за поли ме држи мамо,
само ме препиња,
чекај ме дадо мори,
меси ми кравајче!

Јас ке го погледнам мамо,
од мука се смејам.
Не сум ти дада лудо,
туку сам ти жена.
Желка ти во грло,
чума те затрело!

Ќе појдам на вода мамо,
и оно по мене.
За поли ме држи мамо
и по вода шљапка.
Чекај ме дадо, мори,
купи ми бардаче!
Немам бардаче лудо
бапки те изеле.

Камо ти ведро лудо
на рамо да носиш?
Ведро да носиш,
ветер те однело!

Ќе појдам на дрва мамо,
и оно по мене,
јас на коњ се најде.
Чекај ме дадо, мори,
дај ми коледашка!
Не сум ти дада лудо,
туку сум ти жена.
Желки те изнеле,
волци те разнеле!

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995